1830 2
Službeni vesnik SR
Makedonije
91001 Skopje
fah 51

СЛУ
НА СОЦИЈАЛИСТИ

„СЛУЖБЕН ЛИСТ НА СФРЈ“ излегува во издание на српскохрватски односно хрватскосрпски, словенечки, македонски, албански и унгарски јазик — Огласи според тарифата — Жиро-сметка кај Службата на општественото книговодство 60802-603-1125

Петок, 18 април 1975
БЕЛГРАД
БРОЈ 19 ГОД. XXXI

Цена на овој број е 24 динари. — Претплатата за 1975 година изнесува 420 динари. — Редакција: Улица Јована Ристића бр 1. Пошт фах 226 — Телефони: централа 650-155; Уредништво 651-885; Служба за претплата 651-732; Комерцијален сектор 651-671; Телекс 11756

**243.**

Врз основа на член 4 став 1 од Законот за компензација на производителите на вештачки ѓубриња во 1974 и 1975 година („Службен лист на СФРЈ“, бр. 71/73 и 21/74), Сојузниот извршен совет донесува

## ОДЛУКА

### ЗА ДОПОЛНЕНИЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗНОСОТ И ЗА УСЛОВИТЕ ЗА ДАВАЊЕ КОМПЕНЗАЦИЈА НА ИМЕ РАЗЛИКА ВО ЦЕНАТА НА ВЕШТАЧКИТЕ ЃУБРИЊА

1. Во Одлуката за износот и за условите за давање компензација на име разлика во цената на вештачките ѓубриња („Службен лист на СФРЈ“, бр. 71/73 и 35/74) во точка 4 став 3 по зборовите: „домашно производство“ се додаваат зборовите: „а за азотни ѓубриња — од 7,75 динари за активна единица азот“.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ“.

Е. п. бр. 267
10 април 1975 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Претседател,
**Џемал Биедиќ**, с. р.

---

**244.**

Врз основа на член 198 став 3 од Законот за народната одбрана („Службен лист на СФРЈ“, бр. 22/74), Сојузниот извршен совет донесува

## ОДЛУКА

### ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА СЕЛОТО ВРЕЛО ЗА ЗАБРАНЕТА ЗОНА

1. Селото Врело, во општина Липљан, Социјалистичка Автономна Покраина Косово, се определува за забранета зона за движење, престој и настанување на странски државјани.

2. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ“.

Е. п. бр. 268
10 април 1975 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Претседател,
**Џемал Биедиќ**, с. р.

**245.**

Врз основа на член 131б став 4 од Законот за прометот на стоки и услуги со странство („Службен лист на ФНРЈ“, бр. 27/62 и „Службен лист на СФРЈ“, бр. 14/65, 28/66, 54/67, 15/71, 29/71 и 26/72), Сојузниот извршен совет донесува

## ОДЛУКА

### ЗА ИЗМЕНА НА ОДЛУКАТА ЗА УСЛОВИТЕ ПОД КОИ ГРАЃАНИТЕ МОЖАТ ДА ВНЕСУВААТ ОПРЕДЕЛЕНИ ПРЕДМЕТИ ОД СТРАНСТВО

1. Во Одлуката за условите под кои граѓаните можат да внесуваат определени предмети од странство („Службен лист на СФРЈ“, бр. 25/71, 20/72, 30/72 и 39/74) во точка 2 во одредбата под 4 бројот: „10.000“ се заменува со бројот „30.000“.

2. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ“.

Е. п. бр. 269
10 април 1975 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Претседател,
**Џемал Биедиќ**, с. р.

---

**246.**

Врз основа на член 40 став 3 од Законот за додатокот на деца на воените лица во активна служба на Југословенската народна армија („Службен лист на СФРЈ“, бр. 54/67, 24/71, 40/73 и 39/74), Сојузниот извршен совет донесува

## ОДЛУКА

### ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА СТАПКАТА НА ПРИДОНЕСОТ ЗА ДОДАТОКОТ НА ДЕЦА НА ВОЕНИТЕ ЛИЦА ВО АКТИВНА СЛУЖБА НА ЈУГОСЛОВЕНСКАТА НАРОДНА АРМИЈА

1. Стапката на придонесот за додатокот на деца на воените лица во активна служба на Југословенската народна армија од 1 јануари 1975 година изнесува 1% од основицата за пресметување на придонесот од член 40 став 2 на Законот за додатокот на деца на воените лица во активна служба на Југословенската народна армија.

2. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ“.

Е. п. бр. 270
3 април 1975 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Претседател,
**Џемал Биедиќ**, с. р.

**247.**

Врз основа на член 13 став 2 од Законот за измени и дополненија на Законот за додатокот на деца на воените лица во активна служба на Југословенската народна армија („Службен лист на СФРЈ“ бр. 24/71), Сојузниот извршен совет донесува

## ОДЛУКА

### ЗА ВИСОЧИНАТА НА ДОДАТОКОТ НА ДЕЦА НА ВОЕНИТЕ ЛИЦА ВО АКТИВНА СЛУЖБА НА ЈУГОСЛОВЕНСКАТА НАРОДНА АРМИЈА

1. На активното воено лице што ги исполнува условите за здобивање со право на додаток на деца, пропишани со Законот за додатокот на деца на воените лица во активна служба на Југословенската народна армија, му припаѓа во 1975 година додаток на деца во височина од 200 динари месечно за секое дете.

2. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ“.

Е. п. бр. 271
3 април 1975 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Претседател,
**Џемал Биедиќ**, с. р.

---

**248.**

Врз основа на член 30 став 1 од Законот за измени и дополненија на Законот за организацијата и делокругот на сојузните органи на управата и на сојузните организации („Службен лист на СФРЈ“, бр. 21/74) и член 43 став 1 од Законот за Сојузниот извршен совет („Службен лист на СФРЈ“, бр. 21/74), Сојузниот извршен совет донесува

## ОДЛУКА

### ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА РАБОТНИЦИТЕ ШТО НЕ МОЖАТ ДА ВРШАТ САМОСТОЈНА ДЕЈНОСТ И ДЕЈНОСТ ВО ДРУГИ ОРГАНИ, ОРГАНИЗАЦИИ, ЗДРУЖЕНИЈА И ЗАЕДНИЦИ

1. Работниците во Сојузниот извршен совет, во сојузните органи на управата, во сојузните организации и во стручните служби на Советот не можат да вршат никаква самостојна дејност ниту дејност во друг орган, организација на здружениот труд, друга самоуправна организација, или во нивните заедници и здруженија, ако се наоѓаат на следните работни места, и тоа:

1) на работните места раководители на организациони единици во основните дејности и на ним соодветни работни места;

2) на работните места на кои имаат овластување за решавање во управни предмети, овластување за вршење инспекциско-контролни работи или овластување на помошен наредбодавец, како и на работните места на кои се вршат работи од доверлива природа.

2. Во актите за организацијата и работата на сојузните органи на управата, на сојузните организации и на стручните служби на Сојузниот извршен совет ќе се определат работните места во смисла на точка 1 од оваа одлука.

3. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ“.

Е. п. бр. 272
10 април 1975 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Претседател,
**Џемал Биедиќ**, с. р.

---

**249.**

Врз основа на член 20 став 2 од Законот за Царинската тарифа („Службен лист на СФРЈ“, бр. 34/65, 49/66, 5/67, 54/67, 9/68, 22/68, 30/68, 17/69, 27/69, 52/69, 22/70, 25/70, 58/71, 63/72 и 71/72), во врска со точка 4 од Одлуката за утврдување на пониска царинска стапка и такса на увезени стоки и за условите под кои пониската царинска стапка и увозната такса се применуваат на увозот на производи-специфична опрема, репродукциони материјали и делови за вградување, што се користат за изградба на електроенергетски производствени и преносни објекти во електростопанството („Службен лист на СФРЈ“, бр. 49/73), Сојузниот извршен совет донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ПОНИСКИ ЦАРИНСКИ СТАПКИ ЗА СПЕЦИФИЧНАТА ОПРЕМА ШТО СЕ КОРИСТИ ЗА ИЗГРАДБА НА ЕЛЕКТРОЕНЕРГЕТСКИ ПРОИЗВОДСТВЕНИ И ПРЕНОСНИ ОБЈЕКТИ И ДИСПЕЧЕРСКИ ЦЕНТРИ НА ЗАЕДНИЦАТА НА ЈУГОСЛОВЕНСКОТО ЕЛЕКТРОСТОПАНСТВО

1. Во согласност со Спогодбата за увозот на специфична опрема, репродукциони материјали и делови за изградба на електроенергетски производствени и преносни објекти според царинската стапка од 5%, што е склучена помеѓу Заедницата на југословенското електростопанство и Југословенското деловно здружение на машиноградбата и електромашиноградбата врз основа на Одлуката за утврдување на пониска царинска стапка и такса на увезените стоки и за условите под кои пониската царинска стапка и увозната такса се применуваат на увозот на производи — специфична опрема, репродукциони материјали и делови за вградување, што се користат за изградба на електроенергетски производствени и преносни објекти во електростопанството, на увозот на производи од долунаведените тарифни броеви, односно ставови на Царинската тарифа — специфична опрема што се користи за изградба на електроенергетски производствени и преносни објекти, како и за диспечерски центри на Заедницата на југословенското електростопанство, што можат да се увезуваат според царинската стапка од 5%, а до вредностите, односно количините утврдени во усогласените спецификации на опремата, репродукционите материјали и деловите, што како прилози 2.1, 2.2, 2.3, 3.1, 3.2, 4.1, до 4.15, 5.1 до 5.19 и додатниот прилог 6 сочинуваат составен дел на Спогодбата наместо царинските стапки предвидени во Царинската тарифа, односно во Решението за одредување на пониски царински стапки на увозот на одредени производи („Службен лист на СФРЈ“, бр. 10/73 и 45/73), во 1974 и 1975 година ќе се применуваат следните царински стапки:

| Тарифен број | Наименување | Царинска стапка |
|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 |
| 73.17 | Цевки и цевоводи од леано железо<br>Ex.<br>Цевоводи од леано железо, приготвени за вградување во електроенергетски објекти | 5 |
| 73.18/2г | Други безрабни цевки и цевоводи<br>Ex.<br>— Нелегирани безрабни цевоводи, приготвени за вградување во електроенергетски објекти | 5 |
| | — Безрабни цевоводи обложени со гума, приготвени за вградување во електроенергетски објекти | 5 |
| 73.18/3б | Други цевки и цевоводи<br>Ex.<br>— Цевоводи од рабни цевки, приготвени за вградување во електроенергетски објекти | 5 |
| | — Канали за димни гасови, воздух, јаглен и јагленов прав, од челичен лим, приготвени за вградување во електроенергетски објекти | 5 |
| 73.19 | Високоотпорни цевоводи за хидроелектрични инсталации, од челик, зајакнати или не | 5 |
| 73.20/1 и 2 | Прибор за цевки и цевоводи, од железо или челик (спојници, колена, составки, маншони, фланши итн.)<br>Ex.<br>— Прибор за: нелегирани безрабни цевоводи, цевоводи од рабни цевки и високоотпорни цевоводи за хидроелектрични инсталации од тар. бр. 73.18/2г, 73.18/3б и 73.19, што се опфатени со точка 1 од ова решение | 5 |
| | — Прибор за нисколегирани безрабни цевоводи од тар. број 73.18/2г, што се опфатени со точка 2 од ова решение | 5 |
| 73.21/1б | Конструкции за високоградби во индустријата (покриви, хали, столбови и сл.)<br>Ex.<br>Конструкции за машини, апарати и уреди во електроенергетски објекти | 5 |
| 73.21/1ѓ | Други конструкции<br>Ex.<br>Конструкции носечки за електроопрема и столбови за далноводи | 5 |
| 73.21/2 | Конструкции за уреди за вентилација, климатизација, воздушно греење, сушење, влажење и ладење<br>Ex.<br>Челично-лимени конструкции за вентилација на котли — за свеж воздух и димни канали | 5 |
| 73.21/3 | Лимови, ленти, прачки, профили, цевки и др., од железо или челик, приготвени така што да се гледа нивната намена за конструкции<br>Ex.<br>Лимови, ленти, прачки, профили, цевки и др., за конструкции од тар. бр. 73.21/1б и 73.21/2 што се опфатени со точка 1 од ова решение | 5 |
| 73.22/1а | Цистерни, резервоари и сл. со внатрешна облога или топлотна изолација<br>Ex.<br>Резервоари за течности, пара или гасови, со зафатнина над 300 литри, за вградување во електроенергетски објекти | 5 |
| 73 32/2 | Други вијчени стоки и заковки<br>Ex.<br>Челични вијци и винтови за монтажа на агрегати и цевоводи во електроенергетски објекти | 5 |
| 73.35/3 | Други пружини и листови за пружини, од железо или челик<br>Ex.<br>Пружини од челик за бесење цевоводи во електроенергетски објекти | 5 |
| 73 37/1б | Други котли<br>Ex.<br>Помошни парни котли од низок притисок за задвижување или одржување на готовноста на термоелектрани | 5 |
| 73.37/3 | Калорифери<br>Ex.<br>Калорифери за парни котли | 5 |
| 73.37/4 | Други котли и др.<br>Ex.<br>Дистрибутери на воздух за вентилација на котли | 5 |
| 73.40/2 | Други обработени изработки, од железо или челик<br>Ex.<br>— Резервоари за течности, пара или гасови, со зафатнина до 300 литри, за вградување во електроенергетски објекти | 5 |
| | — Челични садови за радиоактивен отпад, со зафатнина до 300 литри | 5 |
| 74.10/1 | Јажиња од бакарна жица<br>Ex.<br>Неизолирани електрични спроводници за електроенергетски објекти | 5 |
| 76.12/1-3 | Впредена жица, кабли, јажиња и сл., од алуминиумска жица<br>Ex.<br>Неизолирани алучелични кабли, јажиња и др. (неизолирани електрични спроводници), за електроенергетски објекти | 5 |

| 1 | 2 | 3 |
|---|---|---|
| 84.01/4 | Други котли за производство на водена и друга пара | |
| | Ex. | |
| | — Котли за производство на водена пара, за термоелектрани | 5 |
| | — Котли утилизатори, од среден и висок притисок, за добивање водена пара со отпадна топлина од гасни турбини | 5 |
| 84.02/1 | Економизери | |
| | Ex. | |
| | Економизери (загревачи на вода) за котли за производство на водена пара, за термоелектрани | 5 |
| 84.02/2 | Предгрејачи | |
| | Ex. | |
| | Прегревачи и меѓупрегревачи на пара за котли за производство на водена пара, за термоелектрани | 5 |
| 84.02/3 | Кондензатори за парни машини | |
| | Ex. | |
| | Кондензатори за парни турбини за термоелектрани | 5 |
| 84.02/4 | Други помошни уреди за парни котли | |
| | Ex. | |
| | — Прегревачи и загревачи на воздух за котли за производство на водена пара за термоелектрани | 5 |
| | — Собирачи на пара за котли за производство на водена пара за термоелектрани | 5 |
| | — Системи за цевки (испарувачи) за котли за производство на водена пара за термоелектрани, за загревање и испарување на вода и истовремена заштита на огноотпорниот ѕид на котелот | 5 |
| | — Уреди за чистење саѓи во котли за производство на водена пара за термоелектрани | 5 |
| | — Котелски тапани (барабани) за разделување на пара од вода и за следење на водостојот на котелот | 5 |
| | — Рекуператори — генератори на гас за котли за производство на водена пара за термоелектрани | 5 |
| | — Уреди за симнување тиња — гребачи на згура за котли за производство на водена пара за термоелектрани | 5 |
| | — Уреди за издвојување $O_2$ и $CO_2$ од напојна вода — деаератори | 5 |
| 84.03/1 | Генератори за производство генераторски гас | |
| | Ex. | |
| | Генератори за производство на гас за гасни турбини за гасни електрани | 5 |
| 84.03/4 | Други генератори | |
| | Ex. | |
| | Гасни генератори за добивање на водород за ладење генератори во термоелектрани | 5 |

| 1 | 2 | 3 |
|---|---|---|
| 84.05/2б | Турбински парни машини за термоелектрани и топлани | |
| | Ex. | |
| | Парни турбини за термоелектрани | 5 |
| 84.07/1 | Водни турбини и други водни моторни машини | |
| | Ex. | |
| | — Водни турбини за хидроелектрани | 5 |
| | — Водни турбини — пумпи, за реверзибилни енергетски постројки (хидроелектрани) | 5 |
| 84.10/2 | Ротациони пумпи | |
| | Ex. | |
| | Ротациони пумпи за електроенергетски објекти | 5 |
| 84.10/3 | Центрифугални пумпи | |
| | Ex. | |
| | Центрифугални пумпи за електроенергетски објекти | 5 |
| 84.10/4 | Млазни пумпи | |
| | Ex. | |
| | Млазни пумпи за електроенергетски објекти | 5 |
| 84.10/5 | Клипни пумпи | |
| | Ex. | |
| | Клипни пумпи за електроенергетски објекти | 5 |
| 84.11/1а | Воздушни пумпи | |
| | Ex. | |
| | Воздушни пумпи за електроенергетски објекти | 5 |
| 84.11/1б | Вакуум-пумпи | |
| | Ex. | |
| | Вакуум-пумпи за создавање вакуум во турбински кондензатор | 5 |
| 84.11/2 | Компресори | |
| | Ex. | |
| | Компресори за електроенергетски објекти | 5 |
| 84.11/4 | Вентилатори | |
| | Ex. | |
| | — Вентилатори за уфрлување свеж воздух во огништа на котли за производство на водена пара во термоелектрани | 5 |
| | — Вентилатори за извлекување димни гасови од котли за производство на водена пара во термоелектрани | 5 |
| 84.12/2 и 3 | Автоматски уреди за климатизација | |
| | Ex. | |
| | Автоматски уреди за климатизација на командни простории во електроенергетски објекти | 5 |
| 84.13/2 | Механички уреди за отстранување пепел, маши за парни котли за нафта или гас | |

| 1 | 2 | 3 |
|---|---|---|
| | Ex. | |
| | Уреди за отстранување пепел од котли за производство на водена пара во термоелектрани | 5 |
| 84.13/3 | Автоматски огнари на котли со течно гориво | |
| | Ex. | |
| | Автоматски горилници за течни горива за парни котли во термоелектрани | 5 |
| 84.13/4 | Автоматски огништа за печки и др. | |
| | Ex. | |
| | — Горилници за јагленов прав за парни котли во термоелектрани | 5 |
| | — Горилници за гасовити горива за парни котли во термоелектрани | 5 |
| | — Комбинирани горилници за парни котли во термоелектрани | 5 |
| | — Механички решетки за догорување на јаглен во парни котли | 5 |
| | — Уреди за потпалување и палење на парни котли во термоелектрани со гас, мазут и јагленов прав | 5 |
| 84.17/1д | Машини и уреди за разладување материјали | |
| | Ex. | |
| | Уреди за кондензација на водена пара и разладување на вода, заради добивање мостри на вода за испитување | 5 |
| 84.17/1е | Автоматски машини за дестилација и евапоризација | |
| | Ex. | |
| | Уреди — евапоратори за издвојување бор и концентрат на радиоактивни остатоци со испарување | 5 |
| 84.17/1s | Други машини, уреди и сл., за обработка на материјали со менување на температурата | |
| | Ex. | |
| | — Топлотни изменувачи — загревачи на пара и вода | 5 |
| | — Топлотни изменувачи — разладувачи на пара, вода и масло | 5 |
| | — Уреди за проточно загревање на мазут во термоелектрани | 5 |
| | — Уреди за согорување на водорот со кондензатори (рекомбинери за водород) | 5 |
| 84 18/2б | Машини и уреди, за филтрирање или пречистување на течности и гасови | |
| | Ex. | |
| | — Електростатички филтри за издвојување на пепел од димни гасови во термоелектрани | 5 |
| | — Уреди за хемиско пречистување (декарбонизација, деминерализација, неутрализација и смекнување) на вода во термоелектрани | 5 |
| | — Филтери за пречистување на течни горива во термоелектрани | 5 |
| | — Стабилни уреди за отпрашување — издвојување на јагленов прав и пепел од воздухот во термоелектрани | 5 |
| | — Уреди за механичко пречистување на вода во електрани | 5 |
| 84.21/2 | Механички апарати за гаснење пожар | |
| | Ex. | |
| | — Топови за гаснење пожар во електроенергетски објекти | 5 |
| | — Уреди за јавување и гаснење пожар на генератори и трансформатори | 5 |
| 84 22/1а | Товарни лифтови | |
| | Ex. | |
| | Товарни лифтови во електроенергетски објекти | 5 |
| 84.22/3 | Кранови | |
| | Ex. | |
| | Кранови за електроенергетски објекти | 5 |
| 84.22/5а | Транспортери со гумена или челична лента, врз база на движење на лентата, со сопствен погон | |
| | Ex. | |
| | Транспортери со гумена или челична лента, врз база на движење на лентата, со сопствен погон за електроенергетски објекти | 5 |
| 84.22/5г | Дигалки, самостојни, подвижни | |
| | Ex. | |
| | Дигалки, самостојни, подвижни за електроенергетски објекти | 5 |
| 84.22/5д | Други машини и апарати, за дигање, манипулација, натовар или истовар и др. | |
| | Ex. | |
| | — Членести — плочести транспортери за додавање јаглен од бункери во мелници во термоелектрани | 5 |
| | — Уреди за истоварување вагони — со наведнување или вртење на комплетен вагон | 5 |
| | — Макари за дигање помали агрегати во електрани | 5 |
| 84.53/2 | Машини за обработка (табелирки, сметачи и сл.) | |
| | Ex. | |
| | Процесни сметачи | 5 |
| 84.56/7 | Други машини за сортирање, просејување, сепарација, перење, кршење и сл. | |
| | Ex. | |
| | Мелници за мелење јаглен, за парни котли во термоелектрани | 5 |
| 84.59/2ж | Хидромеханичка опрема, без цевоводи | 5 |

| 1 | 2 | 3 |
|---|---|---|
| 84.59/2к | Други машини и механички уреди<br>Ex.<br>— Уреди за механичко чистење цевки во турбински кондензатори на термоелектрани | 5 |
| | — Уреди за ладење генератори со водород, со уреди за хемиска контрола и пречистување водород и со мерно-регулациони инструменти | 5 |
| | — Централни системи за подмачкување турбоагрегати | 5 |
| | — Хидраулични преси за пресување радиоактивни отпадоци | 5 |
| | — Уреди за обработка — залевање во цемент на радиоактивни отпадоци, заради нивно складирање | 5 |
| | — Автоматски уреди за подмачкување турбини и генератори | 5 |
| 84.61/1 и 2 | Славини, вентили и слични уреди, за цевоводи, за котли и др.<br>Ex.<br>Славини, вентили и др., за електроенергетски објекти | 5 |
| 84.63/3 | Други трансмисиони оски, лактовидни лостови, кукишта за лежаи и др.<br>Ex.<br>Хидраулични спојки за машини и уреди за електроенергетски објекти | 5 |
| 84.64 | Затиначи и слични спојници од метални листови и др.<br>Ex.<br>Затиначи и слични спојници од метални листови и др. за машини и уреди за електроенергетски објекти | 5 |
| 84.65/3 | Други делови<br>Ex.<br>Задушувачи на звук за термоелектрани | 5 |
| 85.01/1а-2 | Други генератори и мотори<br>Ex.<br>Други генератори и мотори за електроенергетски објекти | 5 |
| 85.01/1б | Претворачи-конвертори<br>Ex.<br>Претворачи-конвертори за електроенергетски објекти | 5 |
| 85.01/2а | Мерни трансформатори<br>Ex.<br>Мерни трансформатори за електроенергетски објекти | 5 |
| 85.01/2б | Други трансформатори<br>Ex.<br>Трансформатори на сила за електроенергетски објекти | 5 |
| 85.01/3 | Исправачи и исправачки апарати<br>Ex.<br>Исправачи и исправачки апарати за технолошки потреби на електроенергетски објекти | 5 |
| 85.01/4 | Други електрични генератори, мотори и др.<br>Ex.<br>— Реактивни компензациони задушувачи | 5 |
| | — Високофреквентни задушувачи за високофреквентни врски преку водови со висок напон | 5 |
| 85.04/1б | Други оловни акумулатори<br>Ex.<br>Оловни акумулатори за технолошки потреби во електроенергетски објекти | 5 |
| 85.13/1 | Електронски централи<br>Ex.<br>— Специјални високофреквентни телефонски уреди за врски преку водови со висок напон | 5 |
| | — Специјални автоматски телефонски централи за поврзување единици во електроенергетски систем | 5 |
| | — Панелни влошки и мемориски блокови за телефонски централи | 5 |
| 85.13/4 | Високофреквентни телефонски уреди | 5 |
| 85.13/9 | Телефонски уреди на УКБ до 1000 врски<br>Ex.<br>Насочени УКБ радиорелејни врски, за опсези 7 и 15 GHz | 5 |
| 85.13/11 | Други електрични апарати за жична телефонија и телеграфија<br>Ex.<br>Нискофреквентни апарати за телекомуникации преку преносен фреквентен систем, освен интерфони и интерфонски централи | 5 |
| 85.14/4 | Зајакнувачи — нискофреквентни<br>Ex.<br>Нискофреквентни зајакнувачи за автоматска регулација на работата на котли и турбоагрегати | 5 |
| 85.15/3д | Радиотелефонски приемници и предаватели<br>Ex.<br>Стабилни и мобилни радиотелефонски приемници и предаватели со фреквенции над 1000 MHz | 5 |
| 85.15/3ѓ | Апарати и уреди за пренос на слики и факсимили | 5 |
| 85.17/1 | Електрични апарати за звучна сигнализација<br>Ex.<br>Електрични апарати за звучна сигнализација за електроенергетски објекти | 5 |
| 85.17/2 | Електрични апарати за визуелна сигнализација<br>Ex.<br>Електрични апарати за визуелна сигнализација за електроенергетски објекти | 5 |

| 1 | 2 | 3 |
|---|---|---|
| 85.17/3 | Електрични апарати за комбинирана, звучновизуелна сигнализација | |
| | Ex. | |
| | Електрични апарати за комбинирана, звучновизуелна сигнализација за електроенергетски објекти | 5 |
| 85.18/1 | Електрични кондензатори константни (постојани) | 5 |
| 85.19/1 | Автоматски регулатори на напон и струја | |
| | Ex. | |
| | Автоматски регулатори на напон и струја за технолошки потреби во електроенергетски објекти | 5 |
| 85.19/4 | Расклопни апарати, од низок и висок напон | 5 |
| 85.19/5 | Разводни уреди со вградени апарати (командни, разводни и сигнални табли, пултови и сл.) | 5 |
| 85.19/6 | Заштитни уреди за постројки од висок и низок напон (осигурувачи, одводници на пренапон, релеи, прекинувачи и др.) | 5 |
| 85.19/7д | Регулатори на брзина, обрти и други | |
| | Ex. | |
| | Регулатори на фреквенција и сила | 5 |
| 85.19/8 | Сервомеханизми, селсими и слични уреди, вклучувајќи и електронски уреди за слични намени | 5 |
| 85.19/9а | Индустриски отпорници за вградување | |
| | Ex. | |
| | Индустриски отпорници за вградување за технолошки потреби во електроенергетски објекти | 5 |
| 85.23/1 | Кабелски гарнитури | |
| | Ex. | |
| | Кабелски гарнитури за електроенергетски објекти | 5 |
| 85.23/2 | Кабли за пренос на сила | |
| | Ex. | |
| | Кабли за пренос на сила за електроенергетски објекти | 5 |
| 85.23/3 | Кабли за телекомуникација | |
| | Ex. | |
| | Кабли за телекомуникација за електроенергетски објекти | 5 |
| 85.23/4 | Коаксијални кабли | |
| | Ex. | |
| | Коаксијални кабли за електроенергетски објекти | 5 |
| 85.23/5 | Изолирани спроводници | |
| | Ex. | |
| | Изолирани спроводници за електроенергетски објекти | 5 |

| 1 | 2 | 3 |
|---|---|---|
| 85.25/1 | Изолатори од порцелан | |
| | Ex. | |
| | Изолатори од порцелан за електроенергетски објекти | 5 |
| 85.25/3 | Изолатори од стакло | |
| | Ex. | |
| | Изолатори од стакло за електроенергетски објекти | 5 |
| 85.25/5 | Други изолатори од кој и да било материјал | |
| | Ex. | |
| | Спојни и закачувачки материјали за далноводи од 110 kV и повеќе | 5 |
| 85.26/1 | Изолациони фитинзи од керамички материјал | |
| | Ex. | |
| | Изолациони фитинзи од керамички материјал за трансформатори | 5 |
| 86.03/3 | Дизел-механички локомотиви | |
| | Ex. | |
| | Дизел-механички локомотиви со далечинско управување (без човечки екипаж) специјално пригодени за забавено возење при истоварот на вагони | 5 |
| 90.23/1 и 2 | Хидрометри и слични инструменти | |
| | Ex. | |
| | Хидрометри и слични инструменти за технолошки потреби во електроенергетски објекти | 5 |
| 90.24 | Инструменти и апарати за мерење, контрола и автоматска контрола на протек, длабочина, притисок и др. | |
| | Ex. | |
| | Инструменти и апарати за мерење, контрола и автоматска контрола на протек, длабочина, притисок и др. за електроенергетски објекти | 5 |
| 90.25 | Инструменти и апарати за физички и хемиски анализи | |
| | Ex. | |
| | Инструменти за испитување на физички и хемиски особини на вода во електрани | 5 |
| 90.26/1 | Струјомери | |
| | Ex. | |
| | Струјомери за директно и далечинско мерење на високонапонска електрична енергија преку мерни трансформатори | 5 |
| 90.27/2 | Бројачи на производство, на обрти и слични, со регулација | |
| | Ex. | |
| | Бројачи на производство, на обрти и слични, со регулација за машини, апарати и уреди за електроенергетски објекти | 5 |
| 90.28 | Електрични и електронски инструменти и апарати за мерење, проверување, анализа и автоматска контрола | 5 |

| 1 | 2 | 3 |
|---|---|---|
| 91.04 | Други часовници | |
| | Ex. | |
| | Автоматски часовници за истовремено точно покажување на времето за технолошки потреби во електроенергетски објекти | 5 |
| 92.11/2 | Магнетофони | |
| | Ex. | |
| | Магнетофони со 6 и повеќе канали | 5 |

2. Независно од точка 1 на ова решение, на увозот на производите од долунаведените тарифни броеви, односно ставови на Царинската тарифа — специфична опрема што се користи за изградба на електроенергетски производствени и преносни објекти, како и за диспечерски центри на Заедницата на Југословенското електростопанство, во 1974 и 1975 година, наместо царинските стапки предвидени во Царинската тарифа, односно во Решението за одредување на пониски царински стапки на увозот на одредени производи, ќе се применуваат следните царински стапки:

| Тарифен број | Наименување | Царинска стапка |
|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 |
| 73.18/2в | Безрабни цевки и цевоводи од не'рѓосувачки челик | |
| | Ex. | |
| | Цевоводи од не'рѓосувачки челик, приготвени за вградување во електроенергетски објекти | 5 |
| 73.18/2г | Други безрабни цевки и цевоводи | |
| | Ex | |
| | — Нисколегирани цевоводи, приготвени за вградување во електроенергетски објекти | 5 |
| | — Високолегирани цевоводи, приготвени за вградување во електроенергетски објекти | 5 |
| 73.20/1 и 2 | Прибор за цевки и цевоводи, од железо или челик (спојници, колена, составки, маншони, фланши итн.) | |
| | Ex. | |
| | — Колена обложени со базалт | 5 |
| | — Прибор за: цевоводи од не'рѓосувачки челик и цевоводи од високолегиран челик од тар. бр. 73.18/2в и 73.18/2г, што се опфатени со точка 2 на ова решение | 5 |
| 84 08/2 | Гасни турбини, освен за авиони | 5 |
| 84.10/3 | Центрифугални пумпи | |
| | Ex. | |
| | — Центрифугални пумпи со капацитет од 90 t/h вода и повеќе, за напојување котли за производство на водена пара капацитет 180 t/h и повеќе | 5 |
| | — Центрифугални пумпи за транспорт на згура и пепел, капацитет 600 m³/h и повеќе | 5 |
| 84.10/7 | Други пумпи | |
| | Ex. | |
| | — Ејектори (млазни пумпи) за отстранување згура под котли | 5 |
| | — Инјектори (млазни пумпи) за брзгање вода во котли | 5 |
| 84.11/2 | Компресори | |
| | Ex. | |
| | — Повеќестепени компресори за гасни турбини | 5 |
| | — Ротациони компресори | 5 |
| 84.13/1а | Огништа за печки за течни горива | |
| | Ex. | |
| | Горилници со капацитет од 1000 kg/h и повеќе за котли за производство на водена пара капацитет 180 t/h и повеќе | 5 |
| 84.12/2б | Машини и уреди, за филтрирање или пречистување на течности и гасови | |
| | Ex. | |
| | — Уреди за пречистување на трансформаторско масло | 5 |
| | — Уреди за пречистување на масло за подмачкување лежишта на турбини и генератори | 5 |
| 84.20/1 | Ваги и апарати за мерење и контрола во производството | |
| | Ex. | |
| | Автоматски шински ваги за проточно мерење на тежината на јаглен во термоелектрани и топлани | 5 |
| 84.59/2к | Други машини и механички уреди | |
| | Ex. | |
| | Уреди за добивање водород со електролиза, за ладење генератори | 5 |
| 84.61/1 и 2 | Славини, вентили и слични уреди, за цевоводи и др. | |
| | Ex. | |
| | — Вентили за притисоци од 50 атмосфери и повеќе и температури на медиум од 300°C и повеќе | 5 |
| | — Вентили со пречник над 350 mm | 5 |
| | — Вентили со далечинско управување | 5 |
| | — Предтурбински, водостански и сифонски затворачи со автоматско отворање и затворање со помош на мотор | 5 |
| | — Уреди (вентили) за редуцирање на температурата и притисокот на пара за парни турбини и котли | 5 |
| 85.01/1а-2гг | Други генератори и мотори, со тежина над 1000 kg по парче | |
| | Ex. | |
| | Турбогенератори за производство на електрична енергија, со сила над 320 MW | 5 |

| 1 | 2 | 3 |
|---|---|---|
| 85.02/1 | Електромагнети | |
| | Ex. | |
| | Електромагнетни одвојувачи на феромагнетни елементи од јаглен | 5 |
| 85.15/3ж | Други радиоемисиони и телевизиски преносни и приемни апарати и др. | |
| | Ex. | |
| | Индустриска телевизија за котли | 5 |
| 85.23/7 | Други изолирани електрични спроводници | |
| | Ex. | |
| | Оклопени шински врски за врска на генераторот со трансформаторот и на трансформаторот со разводната постројка | 5 |
| 90.28 | Електрични и електронски инструменти и апарати за мерење, проверување, анализа и автоматска контрола | |
| | Ex. | |
| | — Уред за автоматско мерење на нивото на јаглен во бункери и полнење на бункери со јаглен | 5 |
| | — Детектори за откривање метални предмети во јаглен | 5 |
| | — Повеќеканални осцилоскопи | 5 |
| | — Осцилоскопи со меморија | 5 |
| | — Ватметри за мерење на силата и сигналите на УКБ фреквенции | 5 |
| | — Прецизни мерни мостови за фреквенции до 2 MHz | 5 |
| | — Мерачи на шумови на високофреквентни линии | 5 |

3. Сојузниот секретаријат за финансии ќе ѝ достави на Сојузната управа за царини потребен број комплетни примероци на усогласените спецификации на опремата, репродукционите материјали и деловите што како составен дел на Спогодбата од точка 1 на ова решение, се утврдени и потпишани од страна на претставниците на Заедницата на југословенското електростопанство и на Југословенското деловно здружение на машиноградбата и електромашиноградбата.

Сојузниот секретаријат за финансии ќе ѝ ги достави на Сојузната управа за царини и евентуалните измени и дополненија на усогласените спецификации, што ќе бидат утврдени и потпишани од страна на претставниците на Заедницата на југословенското електростопанство и на Југословенското деловно здружение на машиноградбата и електромашиноградбата.

4. Заради упростување на царинската постапка во врска со спроведувањето на ова решение, директорот на Сојузната управа за царини, на предлог од Заедницата на југословенското електростопанство, ќе ги определи царинарниците преку кои ќе се врши увозот на производите од точка 1 на ова решение.

На царинарниците од став 1 на оваа точка Сојузната управа за царини ќе им достави потребен број комплетни примероци на усогласените спецификации.

5. Царинарниците се должни да водат евиденција за разликата помеѓу пропишаните царински стапки и царинските стапки утврдени со ова решение и тоа посебно за опремата од точка 1, а посебно за опремата од точка 2 на ова решение, со тоа што ќе водат сметка да не се пречекорат количините и вредностите опфатени со усогласените спецификации за производите од точка 1 на ова решение.

6. Заедницата на југословенското електростопанство ќе води евиденција за извршувањето на ова решение, за одделни електроенергетски објекти.

Податоците од евиденцијата од став 1 на оваа точка Заедницата на југословенското електростопанство ќе им ги достави, по потреба, на надлежните сојузни органи.

7. Поблиски објаснениија и упатства за спроведување на ова решение ќе дава, по потреба, Сојузниот секретаријат за финансии.

8. Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Е. п. бр. 273
10 април 1975 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Претседател,
**Џемал Биедиќ**, с. р.

---

**250.**

Врз основа на член 59 став 1, во врска со член 13 од Законот за внесувањето и растурањето на странски средства за масовно комуницирање и за странската информативна дејност во Југославија („Службен лист на СФРЈ", бр. 39/74), сојузниот секретар за внатрешни работи донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА ЗАБРАНА НА ВНЕСУВАЊЕТО И РАСТУРАЊЕТО НА ВЕСНИКОТ »FRANKFURTER ALLGEMEINE ZEITUNG«

Се забранува внесувањето во Југославија и растурањето на весникот »Frankfurter Allgemeine Zeitung«, број 53 од 4 март 1975 година, што излегува на германски јазик во Франкфурт, Сојузна Република Германија.

Бр. 650-1-22/354
19 март 1975 година
Белград

Заменик-сојузен секретар
за внатрешни работи,
**Драшко Јуришиќ**, с. р.

---

**251.**

Врз основа на член 59 став 1, во врска со член 13 од Законот за внесувањето и растурањето на странски средства за масовно комуницирање и за странската информативна дејност во Југославија („Службен лист на СФРЈ", бр. 39/74), сојузниот секретар за внатрешни работи донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА ЗАБРАНА НА ВНЕСУВАЊЕТО И РАСТУРАЊЕТО НА ВЕСНИКОТ »DIE WELT«

Се забранува внесувањето во Југославија и растурањето на весникот „Die Welt", број 51 од 1 март

1975 година, што излегува на германски јазик во Хамбург, Сојузна Република Германија.

Бр. 650-1-22/355
19 март 1975 година
Белград

Заменик-сојузен секретар
за внатрешни работи,
**Драшко Јуришиќ**, с. р.

---

252.

Врз основа на член 59 став 1, во врска со член 13 од Законот за внесувањето и растурањето на странски средства за масовно комуницирање и за странската информативна дејност во Југославија („Службен лист на СФРЈ", бр. 39/74), сојузниот секретар за внатрешни работи донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА ЗАБРАНА НА ВНЕСУВАЊЕТО И РАСТУРАЊЕТО НА ВЕСНИКОТ »IL PICCOLO«

Се забранува внесувањето во Југославија и растурањето на весникот »Il Piccolo«, број 8646 од 26 февруари 1975 година, што излегува на италијански јазик во Трст Италија.

Бр. 650-1-12/205
20 март 1975 година
Белград

Заменик-сојузен секретар
за внатрешни работи,
**Драшко Јуришиќ**, с. р.

---

253.

Врз основа на член 25 од Законот за здравствената исправност на животните намирници и на предметите од општа употреба („Службен лист на СФРЈ", бр. 71/72 и 52/73), во согласност со сојузниот секретар за пазар и цени и со претседателот на Сојузниот комитет за земјоделство, претседателот на Сојузниот комитет за здравство и социјална заштита пропишува

## ПРАВИЛНИК

### ЗА ИЗМЕНА НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА МАКСИМАЛНО ДОЗВОЛЕНИТЕ КОЛИЧИНИ НА ПЕСТИЦИДИ ВО ЖИВОТНИТЕ НАМИРНИЦИ

Член 1

Во Правилникот за максимално дозволените количини на пестициди во животните намирници („Службен лист на СФРЈ", бр. 18/73) во член 9 во уводната реченица зборовите: „до 31 декември 1974 година" се заменуваат со зборовите „до 31 декември 1975 година".

Член 2

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 1237
4 февруари 1975 година
Белград

Претседател
на Сојузниот комитет
за здравство и
социјална заштита,
**Зора Томиќ**, с. р.

254.

Врз основа на член 45 точка 3 од Законот за заштита на населението од заразните болести што ја загрозуваат целата земја („Службен лист на СФРЈ", бр. 2/74), претседателот на Сојузниот комитет за здравство и социјална заштита пропишува

## ПРАВИЛНИК

### ЗА УСЛОВИТЕ И НАЧИНОТ НА ВРШЕЊЕ ЗАДОЛЖИТЕЛНА ИМУНИЗАЦИЈА, СЕРОПРОФИЛАКСА И ХЕМИОПРОФИЛАКСА ПРОТИВ ЗАРАЗНИ БОЛЕСТИ

I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Задолжителна имунизација, серопрофилакса и хемиопрофилакса против заразните болести определени во чл. 19 и 22 од Законот за заштита на населението од заразните болести што ја загрозуваат целата земја (во натамошниот текст: определени заразни болести) се врши на начинот и под условите, што се определени со овој правилник.

Член 2

Како средства што во смисла на овој правилник можат да се употребуваат за задолжителна имунизација против определени заразни болести се подразбираат, биолошките препарати приготвени од мртви или живи доволно ослабени (атенуирани) причинители на заразни болести или нивни производи, што се внесуваат во човечкиот организам заради негова активна имунизација.

Член 3

За задолжителна имунизација, серопрофилакса и хемиопрофилакса против определени заразни болести можат да се употребуваат само средства што им одговараат на условите предвидени со прописите за производство и промет на лекови и што се одобрени за употреба за тие цели согласно со прописите за пуштање на лекови во промет.

Член 4

Имунизацијата против определени заразни болести може да се врши со вакцинирање против одделна заразна болест — со поединечно давање на една вакцина (моновакцина), или против повеќе заразни болести — со давање на мешани (комбинирани) вакцини или со истовремено давање на повеќе вакцини (симултано вакцинирање).

Член 5

Имунизација со комбинирани вакцини може да се врши, и тоа:

1) против дифтерија и тетанус (Di-Te);

2) против дифтерија, тетанус и голема кашлица (Di-Te-Per);

3) против црвен тифус и тетанус;

4) против детска парализа (помешани сите три типови).

Член 6

Симултано вакцинирање може да се врши против:

1) големи сипаници, дифтерија и тетанус;

2) големи сипаници, црвен тифус и детска парализа;

3) големи сипаници и тетанус;

4) големи сипаници и колера;

5) детска парализа, дифтерија и тетанус;

6) детска парализа, дифтерија, тетанус и голема кашлица;

7) колера и жолта треска.

Имунизацијата против црвен тифус може да се врши истовремено со имунизацијата против која и да било од болестите од став 1 на овој член.

Член 7

Имунизацијата против определени заразни болести може да се врши преку целата година (континуирано) или во определен период на време (кампањски).

Имунизацијата против детска парализа може да се врши само од почетокот на октомври до половината на јуни.

При спроведувањето на имунизацијата против една заразна болест мора да се води сметка за епидемиолошката ситуација во поглед на другите заразни болести.

Член 8

По завршената имунизација со моновакцина, со комбинирани вакцини или со симултано вакцинирање, имунизацијата против другите болести може да започне по истекот на 21 ден од имунизацијата против определени болести, а по завршената имунизација против туберкулозата — по истекот на 42 дена од имунизацијата.

По исклучок, имунизацијата против големите сипаници може да се врши најрано по истекот на 7 дена од извршената имунизација против жолтата треска.

Член 9

Ако во некоја населба или дел од населба на територијата на една општина бројот на успешно имунизираните лица против определена заразна болест не достигне 85% од бројот на лицата што подлежат на задолжителна имунизација против таа болест, мора да се изврши дополнителна имунизација.

Член 10

Вакцините и другите средства наменети за имунизација и серопрофилакса против определени заразни болести до употребата мораат да се чуваат под условите што ги пропишал производителот. Условите за чување на вакцината, односно на другото средство за имунизација или серопрофилакса мораат да бидат означени на секое оригинално пакување.

Член 11

На задолжителна имунизација против определени заразни болести не подлежат лицата кај кои лекарот ќе утврди дека постојат контраиндикациите пропишани со овој правилник, додека постојат тие контраиндикации.

Член 12

Контраиндикациите за имунизација на одделно лице против која и да било од определените заразни болести (општи контраиндикации) се:

1) фебрилна состојба;

2) акутна заразна болест;

3) леукемија, тешка анемија и други тешки заболувања на хематопоетскиот апарат;

4) потешки оштетувања на функцијата на бубрезите;

5) декомпензирани срцеви мани;

6) алергија на која и да било состојка на вакцина што се дава, ако му е позната на лекарот што ги утврдува контраиндикациите;

7) состојби на намален имунитет што настанале поради применување терапија со зрачење, со кортикостероиди или со цитостатички лекови;

8) состојби по пресадување на одделни органи.

Покрај контраиндикациите од став 1 на овој член, при имунизацијата против одделни од определените заразни болести ќе се земаат предвид и посебните контраиндикации за имунизација против тие болести ако е тоа пропишано со овој правилник.

Член 13

Контраидикациите за имунизација против определени заразни болести ги утврдува лекарот што ја врши, односно во чие присуство се врши имунизацијата, со преглед на лицата што подлежат на задолжителна имунизација извршен пред пристапувањето кон имунизацијата.

Контраиндикациите за имунизација на одделни лица против определени заразни болести можат да бидат трајни или привремени.

Ако постојат привремени контраиндикации за имунизација на одделни лица, лекарот што тие контраиндикации ќе ги утврди ќе го определи местото и времето на дополнителната имунизација на тие лица, а ако постојат трајни контраиндикации за имунизација на лица против определена заразна болест, лекарот што ќе ги утврди тие контраиндикации е должен да издаде потврда за тоа.

## II. ИМУНИЗАЦИЈА ПРОТИВ ОПРЕДЕЛЕНИ ЗАРАЗНИ БОЛЕСТИ

### 1. Имунизација против големи сипаници

Член 14

На задолжителна имунизација против големи сипаници подлежат:

1) лицата од наполнети 12 месеци до наполнети 14 години возраст;

2) лицата што во Југославија доаѓаат од подрачја заразени со големи сипаници, ако тие лица немаат пропишано уверение за вакцинирање во согласност со одредбите од Меѓународниот санитарен правилник;

3) лицата што патуваат во земја во која постојат големи сипаници или во земја што бара имунизација против таа болест.

Член 15

Имунизација против големи сипаници се врши со вакцинирање (прво вакцинирање) и со ревакцинирање.

На вакцинирање подлежат лицата од наполнетите 12 месеци до наполнетите 4 години возраст. Ако во тој период вакцинирањето не е извршено или не е успешно извршено, вакцинирањето на таквите лица може да се врши подоцна само во случај на појава на големи сипаници или на опасност од појава на таа болест.

Ревакцинирање на успешно вакцинираните лица од став 2 на овој член се врши двапати, и тоа:

1) првото ревакцинирање — при запишувањето во основно училиште, односно во 7-та година на возраст;

2) второто ревакцинирање — во 8-та година на школувањето, односно во 14-та година на возраст.

Член 16

Имунизација против големи сипаници се врши со лиофилизирана вакцина против големи сипаници што се внесува со помош на дворожна игла според методот на повеќекратни боцнувања во десната надлакотница.

Член 17

Имунизација на лицата од член 14 точ. 2 и 3 од овој правилник се врши со вакцинирање или ревакцинирање.

Имунизација на лицата од член 14 точка 2 се врши при нивното доаѓање во Југославија, а имуни-

зација на лицата од член 14 точка 3 од овој правилник се врши најдоцна 8 дена пред почетокот на патувањето.

Првото вакцинирање на лицата од член 14 точ. 2 и 3 од овој правилник се врши со задолжителна примена на вакцини на гамаглобулин, ако се постари од 4 години.

Ревакцинирање на лицата од став 1 на овој член се врши ако поминале повеќе од 3 години од денот на вакцинирањето, односно ревакцинирањето.

Член 18

Лекарот што ја вршел имунизацијата е должен да изврши преглед на сите вакцинирани, односно ревакцинирани лица и да го утврди успехот на имунизацијата најдоцна во рок од 30 дена од денот на спроведената имунизација.

По исклучок, за лицата што патуваат во земја во која постојат големи сипаници или во земја што бара имунизација против таа болест, лекарот што ја вршел имунизацијата е должен да го утврди успехот на имунизацијата осмиот ден од денот на спроведената имунизација.

Ако кај некое лице не успеало вакцинирањето, односно ревакцинирањето, тоа мора повторно да се подложи на имунизација. Ако и повторната имунизација не успее, вакцинираното лице нема повеќе да се подложува на имунизација, а во потврдата за извршената имунизација надлежниот лекар ќе го внесе податокот дека односното лице е двапати безуспешно вакцинирано, односно ревакцинирано.

Член 19

Покрај контраиндикациите предвидени во член 12 од овој правилник, за имунизацијата против големите сипаници постојат и следните контраиндикации: бременост, активна туберкулоза, малигни тумори, дерматити, егземи или други поголеми промени на кожата, потешки егземи кај некој од членовите на домаќинството на лицето што подлежи на задолжителна имунизација ако тоа му е познато на лекарот што ги утврдува контраиндикациите; заболувања или оштетувања на централниот нервен систем (тетанија, спазмофилија, енцефалопатија, епилепсија, интракранијални крварења, конвулзивни состојби и др.).

**2. Имунизација против туберкулоза**

Член 20

На задолжителна имунизација против туберкулоза подлежат сите лица помлади од 20 години што не реагираат на туберкулин или кај кои реакцијата на туберкулин е помала од 6 mm.

На задолжителна имунизација против туберкулоза подлежат и лицата вработени во организациите на здружениот труд за дијагностика и лекување на туберкулоза што не реагираат на туберкулин или кај кои реакцијата на туберкулин е помала од 6 mm, без оглед на возраста.

Член 21

Имунизација против туберкулоза се врши со вакцинирање и ревакцинирање.

Вакцинирање на децата родени во породилиште се врши во времето од четвртиот до седмиот ден по раѓањето, а вакцинирањето на децата родени надвор од породилиште — најдоцна до наполнетите 2 месеца возраст.

Вакцинирање на лицата вработени во организациите на здружениот труд што се занимаваат со дијагностика и лекување на туберкулоза се врши при нивното стапување на работа во тие организации.

Ревакцинирање на децата, односно на младината против туберкулоза се врши во 2, 7, 13, односно 19-та година возраст ако со пропис на републиката, односно на автономната покраина не е определено поинаку.

Член 22

Имунизација против туберкулоза се врши со BCG вакцина, што се дава интрадермално во една доза во делтоидниот предел на левата надлакотница.

Контрола на успехот на вакцинирањето против туберкулоза се врши со туберкулинско тестирање по истекот на 3 месеци од денот на извршеното вакцинирање. Лицето кај кое со тестирањето ќе се утврди дека вакцинирањето не успеало мора повторно да се подложи на имунизација.

Член 23

Сите лица што подлежат на задолжителна имунизација против туберкулоза, освен новороденчињата до наполнетите 2 месеца возраст, мораат пред вакцинирањето, односно ревакцинирањето да се подложат на туберкулинска проба со интрадермално брзгање на PPD-RT 23 во предната страна на левата подлакотница, за да се утврди дали реагираат на туберкулин, односно дали кај нив реакцијата на туберкулин е помала од 6 mm.

Лицето што реагира на туберкулин со позитивна туберкулинска реакција од 6 или повеќе mm, нема да се подложи на задолжителна имунизација против туберкулоза.

Член 24

Покрај контраиндикациите предвидени во член 12 од овој правилник, за имунизација на новородените деца против туберкулоза постојат и следните контраидикации: pemphygus gravis neonatorum, icterus neonatorum gravis, lues congenita, тежина помала од две третини од нормалната тежина на новороденче од соодветна старост, како и други знаци на животна немоќ на новороденче.

Член 25

Лицата кај кои ќе престанат да постојат контраиндикациите за имунизација против туберкулоза предвидени во член 12 од овој правилник ќе се подложат на задолжителна имунизација по истекот на два месеца од прележаната болест, а лицата кај кои постоеле контраиндикации за имунизација предвидени во член 24 од овој правилник — кога ќе престанат да постојат контраиндикациите за задолжителна имунизација.

**3. Имунизација против дифтерија, тетанус и голема кашлица**

Член 26

На задолжителна имунизација против дифтерија подлежат лицата од наполнетите 3 месеци до наполнетите 12 години возраст.

Ако заболувањата од дифтерија се појаваат во епидемиски облик, на задолжителна имунизација против дифтерија подлежат и лицата постари од 12 години, како и сите лица што работат врз лекување на заразни болести, на акушерски одделенија, на работи на детската заштита и на други работи на кои можат да бидат изложени на опасност од зараза.

Имунизација против дифтерија на лица постари од 8 години може да се врши само со вакцина што е посебно приготвена за таа цел.

Член 27

На задолжителна имунизација против тетанус подлежат лицата од наполнетите 3 месеци до наполнетите 19 години возраст, а во случај на повреда — и лицата постари од 19 години.

Член 28

На задолжителна имунизација против голема кашлица подлежат лицата од наполнетите 3 месеци до наполнетите 5 години возраст.

Член 29

Задолжителна имунизација против дифтерија, тетанус и голема кашлица се врши со вакцинирање (потполно вакцинирање) и ревакцинирање.

Член 30

На вакцинирање против дифтерија, тетанус и голема кашлица подлежат лицата од 3 месеци до наполнетите 2 години возраст, како и лицата до наполнетите 5 години возраст што до тогаш, од која и да е причина, не се никако вакцинирани или кои не се потполно вакцинирани.

На задолжително вакцинирање против дифтерија и тетанус подлежат и лицата до наполнетите 12 години возраст ако дотогаш не се потполно вакцинирани.

За лицето што во определени растојанија не ќе ги прими пропишаните дози на вакцина се смета дека го прекинало вакцинирањето и тоа подлежи повторно на задолжително вакцинирање.

Член 31

Првото ревакцинирање против дифтерија, тетанус и голема кашлица се врши по истекот на една година од денот на потполното вакцинирање, а второто ревакцинирање — по истекот на две години од денот на првото ревакцинирање.

Ревакцинирање на лицата против дифтерија и тетанус се врши и при запишувањето во основно училиште, а најдоцна до наполнетата 8-ма година возраст, како и во 12-та година, а ревакцинирање против тетанус е задолжително и за лицата во 19-та година возраст.

Член 32

Вакцинирање против дифтерија, тетанус и голема кашлица се врши со давање три дози, а против дифтерија и тетанус со давање две дози комбинирана вакцина, во растојание што, помеѓу две брзгања, не смее да биде покусо од еден ниту подолго од три месеци.

Ревакцинирање против дифтерија, тетанус и голема кашлица се врши со давање по една доза соодветна вакцина.

Член 33

Покрај контраиндикациите предвидени во член 12 од овој правилник, како контраиндикации за имунизација против големата кашлица се сметаат и разни заболувања и оштетувања на централниот нервен систем.

**4. Имунизација против детска парализа**

Член 34

На задолжителна имунизација против детска парализа подлежат лицата од наполнетите 3 месеци до наполнетите 12 години возраст.

Имунизација против детска парализа се врши со вакцинирање и ревакцинирање.

Член 35

На вакцинирање против детска парализа подлежат децата до наполнетите 2 години возраст, како и децата од наполнетите 2 до наполнетите 12 години возраст ако порано не се вакцинирани.

На ревакцинирање против детска парализа подлежат лицата од член 34 на овој правилник по истекот на една година од денот на извршеното вакцинирање, како и во 4, 7 и 12-та година возраст.

Член 36

Имунизација против детска парализа се врши со жива вакцина.

Вакцинирање се врши со три дози тротипна вакцина против детска парализа, во растојание што не смее да биде покусо од 42 дена.

Ревакцинирање се врши со давање една доза тротипна вакцина против детска парализа.

Член 37

Покрај контраиндикациите предвидени во член 12 од овој правилник, како контраиндикација за имунизација против детска парализа се сметаат потешките дијареални заболувања и тонзилектомијата, и тоа во период од 14 дена од денот на извршената тонзилектомија.

**5. Имунизација против мали сипаници**

Член 38

На задолжителна имунизација против мали сипаници подлежат лицата од наполнетите 12 месеци до наполнетите 10 години возраст.

Имунизација против мали сипаници се врши со еднократно вакцинирање

Лицата од став 1 на овој член за кои ќе се утврди дека прележале мали сипаници не подлежат на задолжителна имунизација против таа болест.

Член 39

Покрај контраиндикациите предвидени во член 12 од овој правилник, како контраиндикации за имунизација против мали сипаници се сметаат и разни заболувања или оштетувања на централниот нервен систем.

**6. Имунизација против беснило**

Член 40

На задолжителна имунизација против беснило подлежат следните лица ранети од бесно животно или од животно за кое се сомнева дека е бесно, и тоа:

1) лице укасано или огребено од лисица, волк или од некое друго диво животно;

2) лице укасано од куче што му е непознато на укасаното лице и кое не е можно да се држи под ветеринарна контрола;

3) лице укасано од куче што во рок од 10 дена од денот на ранувањето на лицето ќе покаже знаци на беснило, ќе пцовиса, ќе биде убиено или ќе заскита;

4) лице укасано од куче во пределот на главата и вратот, прстите на рацете или во пределот на поголемите нервни сплетови, без оглед на состојбата и судбината на кучето;

5) лице укасано од мачка или од друго бесно домашно животно или од домашно животно за кое се сомнева дека е бесно;

6) лице повредено при работа со предмет што бил во допир со бесно животно или со животно за кое се сомнева дека е бесно, односно при обдукција на такво пцовисано животно.

Член 41

Имунизација против беснило се врши со давање соодветни дози на антирабична вакцина.

За време на спроведувањето на имунизацијата против беснило, лицата од член 40 на овој правилник не смеат да се имунизираат против други заразни болести, освен против тетанус.

Член 42

Одредбите на чл. 8 и 12 од овој правилник не се однесуваат на имунизацијата на ранетите лица против беснило.

**7. Имунизација против колера и жолта треска**

Член 43

На задолжителна имунизација против колера и жолта треска подлежат сите лица што патуваат во

земја во која постои некоја од тие болести или во земја што бара имунизација против тие болести.

Член 44

Имунизација на лицата од член 43 од овој правилник против колера и жолта треска се врши со вакцинирање со определена доза вакцина против тие болести.

Член 45

Вакцинирање против колера се врши со давање две дози вакцина во растојание од најмалку 8 дена.

Вакцинирање против жолта треска се врши со давање една доза вакцина, најдоцна 10 дена пред поаѓањето на патување на лицето што подлежи на задолжителна имунизација против таа болест.

**8. Имунизација против цревен тифус**

Член 46

На задолжителна имунизација против цревен тифус подлежат:

1) лицата вработени на чистење канализација, на чистење септички јами, на отстранување ѓубре и други отпадни материи од населби;

2) екипажот на домашните бродови во поморскиот и речниот јавен сообраќај;

3) учесниците на младинските работни акции и лицата вработени на други големи работилишта на кои им е обезбедено домување во привремени објекти;

4) лицата што живеат во заедничко домаќинство со бацилоносител на цревен тифус;

5) лицата постари од 3 години што живеат во места и краишта зафатени од поплава, пожар, земјотрес и други елементарни непогоди и масовни несреќи што позначително можат да влијаат врз нормалниот живот на населението на одделни места односно краишта.

Лицата од став 1 на овој член, што се постари од 60 години не подлежат на задолжителна имунизација против цревен тифус.

Член 47

Задолжителна имунизација против цревен тифус се врши со вакцинирање и ревакцинирање со определени дози вакцина против таа болест.

Член 48

На вакцинирање мораат да се подложат сите лица од член 46 на овој правилник што порано не се вакцинирани против цревен тифус.

Ревакцинирање на лицата (една доза) што подлежат на задолжителна имунизација против цревен тифус се врши по истекот на три години од денот на вакцинирањето и сé додека се вработени на определени работи, односно додека постои некоја од причините од член 46 на овој правилник.

Член 49

Вакцинирање против цревен тифус се врши со давање две дози вакцина во растојание што не смее да биде пократко од 15 дена ниту подолго од 3 месеци, а ревакцинирање се врши со давање една доза вакцина — длабоко субкутано на задната страна од надлакотницата.

Член 50

Покрај контраиндикациите предвидени во член 12 од овој правилник, како контраиндикации за имунизација против цревен тифус се сметаат бременоста во текот на целото траење и првите три месеци доење.

III. СЕРОПРОФИЛАКСА И ХЕМИОПРОФИЛАКСА ПРОТИВ ОПРЕДЕЛЕНИ ЗАРАЗНИ БОЛЕСТИ

Член 51

Заштитата со имун серум (серопрофилакса) против беснило е задолжителна за сите лица од член 40 на овој правилник.

Покрај серопрофилаксата против беснило, задолжителна е и серопрофилакса против тетанус за лицата од став 1 на овој член ако добиле тетаногени рани, а не се вакцинирани против тетанус во последните пет години.

Серопрофилакса против беснило и тетанус на лицата од ст. 1 и 2 на овој член се врши истовремено.

Член 52

Серопрофилакса против беснило се врши со давање на ранетото лице соодветна доза серум против беснило.

Серумот против беснило мора да се даде најдоцна 48 часа по ранувањето.

Член 53

Серопрофилакса против тетанус е задолжителна за сите повредени лица што не се вакцинирани против тетанус или што се непотполно вакцинирани или ако од последното вакцинирање на тие лица против тетанус минало повеќе од пет години од денот на вакцинирањето.

Серопрофилакса против тетанус се врши со давање соодветна доза серум против тетанус или антитетанусен гамаглобулин.

Серумот против тетанус, односно антитетанусниот гамаглобулин мора да му се даде на повреденото лице најдоцна 24 часа по повредата.

Член 54

Пред давањето на серумот против беснило или тетанус мора со соодветна проба да се утврди дека ранетото односно повреденото лице не е преосетливо на тој серум и, по потреба, да се изврши десензибилизација на ранетото лице пред давањето на серумот.

Член 55

Заштитата со лекови (хемиопрофилакса) против колера е задолжителна за сите лица:

1) за кои ќе се утврди или посомнева дека биле во непосреден допир со заболени лица или со лица за кои постои сомневање дека се заболени од колера;

2) што употребувале храна или вода што е загадена или се сомнева дека е загадена со причинители на колера;

3) што поради патувања во земјите во кои постои колера биле во можност да се изложат на зараза од таа болест.

Хемиопрофилакса против колера се врши со давање соодветна доза тетрациклин во тек на три дена од денот на изложеноста на зараза, односно од денот на враќањето во Југославија.

Член 56

Хемиопрофилаксата против туберкулоза е задолжителна:

1) за лицата до наполнети 3 години возраст што не биле вакцинирани против туберкулоза а што реагираат на туберкулин со позитивна туберкулинска реакција поголема од 6 mm;

2) за лицата до наполнети 24 години возраст што не биле вакцинирани против туберкулоза а кај кои со туберкулинска проба ќе се утврди дека настапила инфекција во последните 12 месеци (свежа

инфекција), како и за вакцинираните лица кај кои ќе се утврди дека настапил скок на туберкулинската реакција поголем од 12 mm;

3) за лицата до наполнети 14 години возраст што реагираат на туберкулинот со позитивна туберкулинска реакција над 20 mm, а што живеат со лица заболени од активна туберкулоза;

4) за лицата што имаат шеќерна болест, а што имаат инактивни туберкулозни промени на белите дробови;

5) за лицата што се заболени од која и да е болест ако се лекуваат повеќе од 30 дена со препаративи на кортикостероид.

Хемиопрофилакса против туберкулоза се врши со давање соодветни дози изонијазид.

Член 57

Хемиопрофилакса против дизентерија е задолжителна за лицата што живеат или работат во средина во која се појавила дизентеријата, ако според оцена на лекарот постои опасност од ширење на таа болест.

Хемиопрофилакса против дизентерија се врши со еднократно давање соодветни дози тетрациклин.

Член 58

Хемиопрофилакса против маларија е задолжителна за сите лица што одат во земји или подрачја во кои постои ендемија на маларија.

Хемиопрофилакса против маларија се врши со давање соодветни дози на еден од 4-аминохинолинските препарати, на седум дена пред поаѓањето, за време на престојот и 6 недели по враќањето на лицето од земјата, односно подрачјето во кое постои ендемија.

## IV. СПРОВЕДУВАЊЕ НА ИМУНИЗАЦИЈА ПРОТИВ ОПРЕДЕЛЕНИ ЗАРАЗНИ БОЛЕСТИ

Член 59

Спроведување на задолжителна имунизација против определени заразни болести се врши според програмата за имунизација што секоја година ја донесува органот надлежен за работите на здравството во републиката, односно автономната покраина.

Во програмата за имунизација од став 1 на овој член се определува времето за вршење имунизација против одделни заразни болести, како и групите лица што подлежат на задолжителна имунизација.

При спроведувањето на програмата за имунизација мора да се води сметка за сезонските и епидемиолошките индикации за имунизација против одделни заразни болести, за неопходните растојанија помеѓу давањето на одделни вакцини и за другите услови за задолжителна имунизација против заразните болести, определени со овој правилник.

Член 60

Здравствената организација на здружениот труд што врши задолжителна имунизација против определени заразни болести мора да располага со разладни уреди за чување вакцина, со потребна опрема и со соодветен стручен персонал и мора да ги исполнува пропишаните санитарно-технички и другите услови предвидени со овој правилник и со други прописи, а кога е тоа предвидено со овој правилник — мора да има и овластување за вршење имунизација против одделни заразни болести издадено од надлежниот орган.

Член 61

За вршење задолжителна имунизација мораат да бидат обезбедени простории за работа и чекална, кои за време на студени денови мораат да се загреваат.

Просторијата во која се врши имунизација мора да биде чиста и добро осветлена и мора да има уред со текушта вода за миење раце, уред за собирање на употребениот санитетски материјал и мебел потребен за работа и за држење на вакцини и прибор за работа.

Чекалната мора да има: доволен број закачалки, столови или клупи и доволен број плукалници и други предмети неопходни за одржување на хигиената на просторијата.

Член 62

За работа врз имунизација со вакцини што се даваат парентерално, здравствените организации на здружениот труд што ја спроведуваат имунизацијата мораат да го имаат следниот прибор и материјал:

1) доволен број шприцеви за секој вид вакцина;

2) поголеми игли за вадење вакцина од шишенца, и тоа за секое шишенце вакцина посебна игла;

3) игли за брзгање вакцина, и тоа стерилна игла за секое лице што во текот на еден ден ќе се вакцинира или ревакцинира;

4) две пинцети;

5) доволна количина алкохол јачина од 75% и чиста бела вата;

6) стерилизатор (еден или повеќе) за стерилизација на приборот наведен во точ. 1 до 4 на овој став;

7) пет ампули адреналин или некој кортизонски препарат, пет ампули калциум за интравенска примена и 5 ампули на некој од антихистаминските препарати.

За работа врз имунизација против туберкулоза здравствената организација на здружениот труд, покрај приборот и материјалот од став 1 на овој член, мора да има специјален шприц за туберкулин и посебен шприц за вакцинирање.

Член 63

За работа врз имунизација против големи сипаници, здравствените организации на здружениот труд што ја спроведуваат имунизацијата мораат да имаат по една дворожна игла за секое лице што се вакцинира.

Член 64

Приборот за вршење имунизација, по правило, се стерилизира во здравствената организација на здружениот труд и стерилен се носи на местото каде што се врши имунизација.

Сиот употребен прибор за вршење имунизација мора веднаш по употребата добро да се измие со текушта вода, а потоа да се стерилизира со сува стерилизација или со варење најмалку 20 минути од почетокот на вриењето.

Шприцот мора да се стерилизира по секое празнење.

Член 65

Имунизација против жолта треска и беснило можат да вршат само здравствените организации на здружениот труд што за вршење на имунизација против тие болести ќе ги овласти републичкиот, односно покраинскиот орган на управата надлежен за работите на здравството.

Органот на управата од став 1 на овој член е должен за издадените овластувања за вршење имунизација да го известува Сојузниот комитет за здравство и социјална заштита.

Член 66

На лицата што поради патувања во определени земји подлежат на задолжителна имунизација против големи сипаници, колера и жолта треска, здравствената организација на здружениот труд што ја

извршила имунизацијата е должна да им издаде уверение за тоа на образецот пропишан со Меѓународниот санитарен правилник.

На барање од другите лица што подлежат на задолжителна имунизација против некоја од определените заразни болести или на барање од нивните законски застапници, лекарот што извршил имунизација на тие лица е должен да издаде потврда за тоа.

V ЗАВРШНА ОДРЕДБА

Член 67

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

09 бр 226
26 март 1975 година
Белград

Претседател
на Сојузниот комитет за
здравство и социјална
заштита,
**Зора Томиќ**, с. р.

---

**255.**

Врз основа на чл 16, 19 и 62 точка 14 од Законот за Народната банка на Југославија и за единственото монетарно работење на народните банки на републиките и на народните банки на автономните покраини („Службен лист на СФРЈ", бр. 23/72), во согласност со Сојузниот извршен совет, Советот на гувернерите донесува

## ОДЛУКА

### ЗА ИЗМЕНА НА ОДЛУКАТА ЗА КАМАТНАТА СТАПКА НА КРЕДИТИТЕ ШТО СЕ ДАВААТ ОД СРЕДСТВАТА НА ПРИМАРНАТА ЕМИСИЈА

1. Во Одлуката за каматната стапка на кредитите што се даваат од средствата на примарната емисија („Службен лист на СФРЈ, бр. 27/73) во точка 1 ставот 3 се брише.

2. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

О. бр. 18
10 април 1975 година
Белград

Претседател на Советот
на гувернерите,
гувернер
на Народната банка
на Југославија,
**Бранислав Чолановиќ**, с. р.

---

**256.**

Врз основа на член 26 став 1 точка 1 од Законот за кредитните работи со странство („Службен лист на СФРЈ", бр. 36/72 и 6/74), во согласност со Сојузниот извршен совет, Советот на гувернерите донесува

## ОДЛУКА

### ЗА ДОПОЛНЕНИЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ВИСОЧИНАТА НА ДЕПОЗИТОТ ПО СТРАНСКИ ФИНАНСИСКИ И БАНКАРСКИ КРЕДИТИ И ПО СТРАНСКИ ДЕПОЗИТИ

1. Во Одлуката за височината на депозитот по странски финансиски и банкарски кредити и по странски депозити („Службен лист на СФРЈ", бр. 36/72, 62/72, 39/73, 5/74, 21/74, 40/74, 1/75 и 6/75) во точка 10 на крајот на одредбата под 10 точката се заменува со точка и запирка и по тоа се додава нова одредба под 11, која гласи:

„11) финансиските кредити што во странство ги склучуваат и користат организациите на здружениот труд или овластените банки за сметка на организациите на здружениот труд, заради подобрување на структурата на задолжувањето во странство по основ на финансиски кредити и странски депозити, од гледиштето на должината на рокот за отплата на кредитите или височината на каматната стапка и на другите елементи, под услов вкупната височина на долгот по странски финансиски кредити и странски депозити, што не се ослободени од полагање динарски депозит, да не ја пречекорува состојбата на долгот на 31 декември 1974 година.".

2. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

О. бр. 23
3 април 1975 година
Белград

Го заменува претседателот на
Советот на гувернерите,
вицегувернер
на Народната банка на Југославија,
**Јошко Штрукељ**, с. р.

---

**257.**

Врз основа на член 244 став 2 алинеја 3 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, во согласност со Системските решенија за реализација на политиката на развојот на земјоделството во периодот од 1973 до 1975 година, извршните совети на социјалистичките републики Босна и Херцеговина, Македонија, Словенија, Србија, Хрватска и Црна Гора и извршните совети на социјалистичките автономни покраини Војводина и Косово склучуваат

## ДОГОВОР

### ЗА МИНИМАЛНИТЕ ОТКУПНИ ЦЕНИ И ЗА ЕДИНСТВЕНИТЕ ПРЕМИИ ЗА КРАВЈО И ОВЧО МЛЕКО ЗА 1975 ГОДИНА

1. Извршните совети на социјалистичките републики Босна и Херцеговина, Македонија, Словенија, Србија, Хрватска и Црна Гора и извршните совети на социјалистичките автономни покраини Војводина и Косово (во понатамошниот текст: извршните совети) се согласија дека ќе ја определат минималната откупна цена за млеко во износ од 0 78 динари за единица млечна маст, со тоа што за откупеното млеко да се исплатува уште по 0,12 динари за единица млечна маст од средствата што ќе ги утврдат републиките и автономните покраини.

Минималната откупна цена за млекото од став 1 на оваа точка ќе се исплатува од денот на влегувањето во сила на републичките, односно покраинските прописи за определување на таа цена, а најдоцна петнаесеттиот ден од денот на објавувањето на овој договор во „Службен лист на СФРЈ".

Минималната откупна цена од став 1 на оваа точка важи за кравјо млеко што содржи 3,6% млечна маст и за овчо млеко што содржи 4% млечна маст.

Ако млекото содржи повеќе или помалку млечна маст од процентот од став 3 на оваа точка, цената сразмерно се зголемува или намалува за кравјо

млеко најмногу до 4,2% а најмалку до 3,2%, а за овчо млеко најмногу до 7% а најмалку до 4% млечна маст.

Минималната откупна цена не важи за кравјо млеко што содржи помалку од 3,2% млечна маст и за овчо млеко што содржи помалку од 4% млечна маст.

2. Извршните совети се согласни дека поради зголемувањето на минималната откупна цена за млеко треба, врз основа на прописите во републиките и автономните покраини, во рокот од точка 1 став 2 на овој договор, да ги усогласат малопродажните цени за конзумно млеко и производителските и малопродажните цени за млечни производи.

3. Извршните совети се согласни републиките и автономните покраини од своите буџетски средства да им плаќаат на организациите на здружениот труд, за млеко произведено во сопствено производство и во кооперација со индивидуални производители, и натаму премија во височина од најмалку 0,30 динари за еден пресметковен литар кравјо млеко што содржи 3,2% млечна маст и овчо млеко што содржи 4% млечна маст.

Премијата од став 1 на оваа точка се исплатува за кравјо млеко што содржи најмалку 3,2% млечна маст и за овчо млеко што содржи најмалку 4% млечна мст. За кравјо млеко што содржи повеќе од 3,2% млечна маст, односно за овчо млеко што содржи повеќе од 4% млечна маст премијата ќе се пресметува на количеството од 3,2%, односно 4% млечна маст. За кравјо млеко со повеќе од 4,2% млечна маст и овчо млеко со повеќе од 7% млечна маст пресметувањето се врши како да содржи 4,2%, односно 7% млечна маст.

4. Овој договор се објавува во „Службен лист на СФРЈ".

26 март 1975 година
Белград

За Извршниот совет
на СР Босна и Херцеговина,
**Ратомир Фукс**, с. р.

За Извршниот совет
на СР Македонија,
**Јанко Лазаревски**, с. р.

За Извршниот совет
на СР Словенија,
**Кармело Будихна**, с. р.

За Извршниот совет
на СР Србија,
**Бранко Јовановиќ**, с. р.

За Извршниот совет
на СР Хрватска,
**Раде Павловиќ**, с. р.

За Извршниот совет
на СР Црна Гора,
**Милан Шановиќ**, с. р.

За Извршниот совет
на САП Војводина,
**Сава Вујков**, с. р.

За Извршниот совет
на САП Косово,
**Илијаз Хаџиу**, с. р.

**258.**

Врз основа на член 22 од Законот за општествена контрола на цените („Службен лист на СФРЈ", бр. 25/72 и 35/72) претставникот на производителот и претставниците на потрошувачите склучуваат

## СПОГОДБА

### ЗА ПРОМЕНА НА ЗАТЕЧЕНИТЕ ЦЕНИ ЗА ЛЕАРСКИ КОКС

1. Претставникот на производителот и претставниците на потрошувачите на 6 јануари 1975 година склучија и потпишаа Спогодба за промена на затечените цени за леарски кокс, со тоа што производителската организација на здружениот труд да може да ги зголеми своите затечени продажни цени, при постојните услови на продажбата, така што највисоките продажни цени да изнесуваат, и тоа за:

| | Дин/t |
|---|---|
| 1) леарски кокс „А" | 2.550 |
| 2) леарски кокс „Б" | 2.470 |

2. Учесниците на оваа спогодба се обврзуваат дека производите од точка 1 на оваа спогодба ќе ги продаваат, односно купуваат по цените и под условите, што се предвидени во спогодбата.

3. На оваа спогодба даде согласност Сојузниот завод за цени, со решение бр. 1607 од 8 април 1975 година.

4. Оваа спогодба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ", а ќе се применува од денот што е утврден во Спогодбата.

Претставник на производителот: Коксно-хемијски комбинат „Борис Кидрич" — Лукавац.

Претставници на купувачите-потрошувачи: 43 купувачи-потрошувачи потписници на Спогодба.

---

**259.**

Врз основа на член 22 од Законот за општествена контрола на цените („Службен лист на СФРЈ", бр. 25/72 и 35/72), претставниците на производителите и претставниците на потрошувачите склучуваат

## СПОГОДБА

### ЗА ПРОМЕНА НА ЗАТЕЧЕНИТЕ ЦЕНИ ЗА МЕТАЛУРШКИ КОКС

1. Претставниците на производителите и претставниците на потрошувачите на 6 јануари 1975 година склучија и потпишаа Спогодба за промена на затечените цени за металуршки кокс, со тоа што производителските организации на здружениот труд да можат да ги зголемат своите затечени продажни цени, при постојните услови на продажбата, така што највисоките продажни цени да изнесуваат, и тоа за:

| | Дин/t |
|---|---|
| 1) металуршки кокс ситен, гранулација од 0 до 20 mm | 1.870 |
| 2) металуршки кокс крупен, гранулација над 20 mm | 2.220 |

2. Учесниците на оваа спогодба се обврзуваат дека производите од точка 1 на оваа спогодба ќе ги продаваат, односно купуваат по цените и под условите, што се предвидени во спогодбата.

3. На оваа спогодба даде согласност Сојузниот завод за за цени, со решение бр. 1608 од 8 април 1975 година.

4. Оваа спогодба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ", а ќе се применува од денот што е утврден во Спогодбата.

Претставници на производителите: Коксно хемијски комбинат „Борис Кидрич" — Лукавац и Рударско-металуршки комбинат — Зеница.

Претставници на купувачите-потрошувачи: Словенске железарне — Љубљана, Жељезара Сисак — Сисак, „Југометал-Комбинат" — Белград, Рудници и железарница — Скопје и Рударско-металуршки комбинат — Зеница.

---

**260.**

Врз основа на член 22 од Законот за општествена контрола на цените („Службен лист на СФРЈ", бр. 25/72 и 35/72), претставниците на производителите и претставниците на потрошувачите склучуваат

## СПОГОДБА

### ЗА ПРОМЕНА НА ЗАТЕЧЕНИТЕ ЦЕНИ ЗА ЛЕАНИ КОТЛИ И РАДИЈАТОРИ

1. Претставниците на производителите и претставниците на потрошувачите на 13 ноември 1974 година склучија и потпишаа Спогодба за промена на затечените цени за леани котли и радијатори, со тоа што производителските организации на здружениот труд да можат да ги зголемат своите затечени продажни цени, при постојните услови на продажбата, и тоа:

1) за леани котли до 26%;
2) за леани радијатори во просек до 30%, а според ценовниците што се составен дел на Спогодбата.

2. Учесниците на оваа спогодба се обврзуваат дека производите од точка 1 на оваа спогодба ќе ги продаваат, односно купуваат по цените и под условите, што се предвидени во спогодбата.

3. На оваа спогодба даде согласност Сојузниот завод за цени, со решение бр. 2017 од 10 април 1975 година.

4. Оваа спогодба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Претставници на производителите: „Радијатор" — Зрењанин и Љеваоница и творница стројева —Славонска Пожега.

Претставници на купувачите-потрошувачи: 34 купувачи-потрошувачи потписници на Спогодбата.

---

**261.**

Врз основа на член 22 од Законот за општествена контрола на цените („Службен лист на СФРЈ", бр. 25/72 и 35/72), претставниците на производителите и претставниците на потрошувачите склучуваат

## СПОГОДБА

### ЗА ПРОМЕНА НА ЗАТЕЧЕНИТЕ ЦЕНИ ЗА ЦЕМЕНТ

1. Претставниците на производителите и претставниците на потрошувачите на 7 ноември 1974 година склучија и потпишаа Спогодба за промена на затечените цени за цемент, со тоа што производителските организации на здружениот труд да можат да ги зголемат своите затечени продажни цени, така што највисоките продажни цени да изнесуваат, и тоа за цемент:

| | | Дин/t |
|---|---|---|
| 1) | PC-250 | 450,45 |
| 2) | PC-350 | 504,00 |
| 3) | PC-450 | 579.15 |
| 4) | PC-550 | 722,05 |
| 5) | P-700 | 493,25 |
| 6) | L-700 | 1.442,95 |
| 7) | салодур | 668,50 |
| 8) | бел-250 | 1.050,95 |
| 9) | бел-350 | 1.234,90 |
| 10) | металуршки-250 | 450,45 |
| 11) | металуршки-350 | 504,00 |

Цените од став 1 на оваа точка се однесуваат на цемент пакуван во вреќи од 50 килограми, натоварен во возило во складот на производителот.

Ако цементот се испорачува во растурена состојба, натоварен во возило во складот на производителот, цените од став 1 на оваа точка се намалуваат за 45 динари за една тона.

2. Учесниците на оваа спогодба се обврзуваат дека производите од точка 1 на оваа спогодба ќе ги продаваат, односно купуваат по цените и под условите, што се предвидени во спогодбата.

3. На оваа спогодба даде согласност Сојузниот завод за цени, со решение бр. 372 од 14 април 1975 година.

4. Оваа спогодба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ", а ќе се применува од денот што е утврден во спогодбата.

Претставници на производителите: „Салонит Анхово" — Анхово, Цементарна Трбовле — Трбовле, „Далмација цемент" — Солин, „Слобода" — Подсусед, Истарске творнице цемента и хидратизираног вапна — Пула, Творница цемента — Умаг, Беочинска фабрика цемента — Беочин, Фабрика цемента „Нови Поповац" — Поповац, Фабрика цемента „Шар" — Генерал Јанковиќ, Фабрика цемента „Усје" — Скопје и Фабрика цемента — Лукавац.

Претставници на купувачите-потрошувачи: 39 купувачи-потрошувачи потписници на Спогодбата.

---

# НАЗНАЧУВАЊА И РАЗРЕШУВАЊА

Врз основа на член 43 од Законот за организацијата и делокругот на сојузните органи на управата и на сојузните организации („Службен лист на СФРЈ", бр. 32/71, 54/71, 67/72 и 21/74), Сојузниот извршен совет донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ ГЛАВЕН СОЈУЗЕН ПАЗАРЕН ИНСПЕКТОР

За главен сојузен пазарен инспектор се назначува Милија Меденица, началник на одделение во Сојузниот секретаријат за надворешна трговија.

Е. п. бр. 228
26 март 1975 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Претседател,
**Џемал Биедиќ, с. р.**

Врз основа на член 43 од Законот за организацијата и длокругот на сојузните органи на управата и на сојузните организации („Службен лист на СФРЈ", бр. 32/71, 54/71, 67/72 и 21/74), Сојузниот извршен совет донесува

## РЕШЕНИЕ
### ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ГЛАВЕН СОЈУЗЕН ПАЗАРЕН ИНСПЕКТОР

Се разрешува од должноста главен сојузен пазарен инспектор Лука Петковиќ, поради истекот на четиригодишниот период на вршењето на оваа функција.

Е. п. бр. 229
26 март 1975 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Претседател,
**Џемал Биедиќ**, с. р.

---

Врз основа на член 43 од Законот за организацијата и делокругот на сојузните органи на управата и на сојузните организации („Службен лист на СФРЈ" бр. 32/71, 54/71, 67/72 и 21/74), Сојузниот извршен совет донесува

## РЕШЕНИЕ
### ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ СОВЕТНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОЈУЗНИОТ КОМИТЕТ ЗА СООБРАЌАЈ И ВРСКИ

За советник на претседателот на Сојузниот комитет за сообраќај и врски се назначува Владимир Јовковиќ, постојан претставник на УНИС во НР Бугарија.

Е. п. бр. 230
26 март 1975 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Претседател,
**Џемал Биедиќ**, с. р.

---

# ОДЛИКУВАЊА

## УКАЗ

### ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

врз основа на член 337 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија и член 4 од Законот за одликувањата на Социјалистичка Федеративна Република Југославија одлучува да се одликуваат:

— за особени заслуги на полето на јавната дејност со која се придонесува за општиот напредок на земјата

СО ОРДЕН НА РЕПУБЛИКАТА СО ЗЛАТЕН ВЕНЕЦ

Мићковић Андрије Милан;

— за особени заслуги и постигнати успеси во работата од значење на социјалистичката изградба на земјата

СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО ЗЛАТНА ЗВЕЗДА

Чеперковић Миливоја Миодраг, Гаковић Станка Никола;

— за особени заслуги и постигнати успеси во работата од значење за напредокот на земјата

СО ОРДЕН НА ТРУДОТ СО ЗЛАТЕН ВЕНЕЦ

Докић Ђада Војин, Ђулејић Радосава Милорад, Ханс Јосипа Јован, Илишевић Симе Срђа, Ивковић Настаса Миодраг, Којчиновић Илије Танасије, Кузмановић Мирослава Тома, Лукетић Фрање Здеслав, Милановић Божидара Владимир, Надријански Стевана Бранко, Перишић Симе Томислав, Петровић Милана Слободан, Шарчевић Андрије Иван, Вујацков Коне Михајло, Живковић Јована Велисав;

— за заслуги и постигнати успеси во работата од значење за социјалистичката изградба на земјата

СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО СРЕБРЕНА ЗВЕЗДА

Аранђеловић Живорада Драгољуб, Мрвић Радомира Витомир, Недељковић Видоја Боривоје, Прокић Драгутина Љубодраг, Симеуновић Исидора Милорад, Суботић-Кароль Андреје Марија;

— за заслуги и постигнати успеси во работата од значење за напредокот на земјата

СО ОРДЕН НА ТРУДОТ СО СРЕБРЕН ВЕНЕЦ

Андрејић Миодрага Петар, Антић Радивоја Милорад, Атемовски Лимана Мецаид, Аврамовић Светомира Божидар, Бабић Александра Светозар, Берења Милана Здравко, Благојевић Јована Радован, Бојовић Бошка Милош, Божшан Петра Јован, Босниќ Николе Дамјан, Буѓан Јована Милан, Цицмил Лазара Светозар, Цветиќ Антонија Радослав, Ѓирковиќ Јована Никола, Ѓирковиќ Миодрага Радојко, Дракулиќ Николе Миливој, Дуловиќ Милиќа Миладин, Џамиќ Боривоја Бранимир, Ѓокиќ Цветка Војислав, Ѓорѓевиќ Стевана Петар, Ѓорѓевиќ Миодрга Владимир, Ѓориќ Тихомира Мијат, Емершиќ Андреје Рудолф, Филиповиќ Станка Стојан, Гојковиќ Петра Божидар, Исак Хусе Алија, Ивановиќ Тимотија Иван, Ивановиќ Миливоја Љубиша, Ивановиќ Милана Сава, Јеретин Ферде Бранко, Јовановиќ Петра Димитрије, Јовановиќ Николе Драгољуб, Јовановиќ Благоја Миливоје, Јовановиќ Радисава Никола, Јовановиќ Јована Велимир;

Кекиќ Лазе Вељко, Коматина Павла Паун, Костиќ Братислава Бора, Костиќ Душана Милутин, Котур Стевана Димитрије, Кузман Данила Младен, Љуштина Стевана Александар, Максимовиќ Милана Радиша, Маниќ Љубомира Владимир, Марковиќ Бранислава Добривоје, Марковиќ Драгослава Јован, Марковиќ Миладина Милорад, Марковиќ Данила Светозар, Марковиќ Јована Томислав, Мијалковиќ Јована Љубомир, Мијатовиќ Радула Момчило, Милошевиќ Мирка Борко, Млаѓеновиќ Миливоја Радоје, Недељковиќ Бранка Драган, Николиќ Душана Добривоје, Николиќ Драгољуба Јован, Николиќ Душана Миодраг, Николиќ Драгољуба Радослава;

Обрадовић Будимира Сава, Обреновић-Гојковић Јеремије Вера, Орешковић Петра Стипе, Пантовић Видака Милан, Пауновић Милана Живорад, Петковић Дргољуба Божидар, Петровић Петра Бранимир, Петровић Константина Веселин, Пјановић Милована Миланко, Радовић Обрена Милан, Рељић Јована Миодраг, Ристић Драгутина Војислав, Рижнер Ивана Јулиј, Савић Митра Петар, Симонић Гвоздена Десимир, Стефановић Чедомира Анђелко, Стефановић Митка Чедомир, Стефановић Милана Владимир, Стојановић Живојина Милорад, Стокић Владимира Добривоје, Стокић Богдана Томислав, Тасић Арсенија Радомир, Тодоровић Властимира Милан, Тодоровић Драгољуба Живорад, Томик Јаноша Јанош, Тривић-Јеличић Владимира Славица, Тузлак Петра Живко, Веселиновић Љубомира Миомир, Веселиновић Миломира Младен, Вићентијевић Живана Момир, Вучковић Мила Милош, Вујановић Петра Андрија, Зељковић Милана Марко, Живанић Чедомира Светомир, Живановић Драгомира Борисав, Живковић Велимира Живорад;

— за залагање во социјалистичката изградба на земјата

СО МЕДАЛ ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД

Поповић Ђорђа Живомир, Вељовић Драгољуба Дамњан;

— за залагање и постигнати успеси во работата

СО МЕДАЛ НА ТРУДОТ

Аливук Мулина Сулејман, Антонић Николе Влада, Аврамовић Александра Миодраг, Бабић Јована Љубомир, Бајић Миодрага Добривоје, Бајрами Рушана Муадин, Барјактаревић Милана Драгослав, Добрић Дене Живко, Ђорђевић Миодрага Светомир, Ђоровић Боже Лазар, Гајић Обрада Живорад, Ганић Незе Рецеп, Газибара Симе Љубомир, Јашаревић Паше Ибрахим, Јовановић Стојила Веселин, Кременјак Вујице Мирослав, Кучинар Томе Риста;

Мариновић Ленце Рока, Михајловић Драгомира Радисав, Миленковић Јована Растислав, Милосављевић Станислава Боривоје, Милосављевић Филипа Љубивоје Милошевић Ранђела Миливоје, Миловановић Душана Сретен, Мирковић Божидара Миомир, Митић Бранка Драган, Митровић Божа Вељко, Новаковић Петра Новак, Окраинов Пере Велимир, Павловић Милована Милисав, Попадић Вука Слободан, Предојевић Стевана Здравко, Радловић Вида Ђура, Рашета Рада Никола, Ристић Велимира Драгољуб, Савић Милутина Предраг, Станишић Саве Радован, Тодоровић Живојина Живан, Златковић Петронија Љубомир.

Бр. 170
26 ноември 1974 година
Белград

Претседател
на Републиката,
**Јосип Броз Тито**, с. р.

## СОДРЖИНА:


Страна

243. Одлука за дополнение на одлуката за износот и за условите за давање компензација на име разлика во цената за вештачките ѓубриња — — — — — — 593
244. Одлука за определување на селото Врело за забранета зона — — — — — 593
245. Одлука за измена на Одлуката за условите под кои граѓаните можат да внесуваат определени предмети од странство 593
246. Одлука за определување на стапката на придонесот за додатокот на деца на воените лица во активна служба на Југословенската народна армија — — — — 593
247. Одлука за височината на додатокот на деца на воените лица во активна служба на Југословенската народна армија — 594
248. Одлука за определување на работниците што не можат да вршат самостојна дејност и дејност во други органи, организации, здруженија и заедници — — — 594
249. Решение за определување на пониски царински стапки за специфичната опрема што се користи за изградба на електроенергетски производствени и преносни објекти и диспечерски центри на Заедницата на југословенското електростопанство — — — — — — — — — — 594
250. Решение за забрана на внесувањето и растурањето на весникот „Frankfurter Allgemeine Zeitung“ — — — — — 601
251. Решение за забрана на внесувањето и растурањето на весникот „Die Welt“ — — 601
252. Решение за забрана на внесувањето и растурањето на весникот „Il Piccolo“ — — 602
253. Правилник за измена на Правилникот за максимално дозволените количини на пестициди во животните намирници — — 602
254. Правилник за условите и начинот на вршење задолжителна имунизација, серопрофилакса и хемиопрофилакса против заразни болести — — — — — — — 602
255. Одлука за измена на Одлуката за каматната стапка на кредитите што се даваат од средствата на примарната емисија — 608
256. Одлука за дополнение на Одлуката за височината на депозитот по странски финансиски и банкарски кредити и по странски депозити — — — — — — 608
257. Договор за минималните откупни цени за единствените премии за кравјо и овчо млеко за 1975 година — — — — — 608
258. Спогодба за промена на затечените цени за леарски кокс — — — — — — 609
259. Спогодба за промена на затечените цени за металуршки кокс — — — — — 609
260. Спогодба за промена на затечените цени за леани котли и радијатори — — — 610
261. Спогодба за промена на затечените цени за цемент — — — — — — — — 610

Назначувања и разрешувања — — — — 610

Одликувања — — — — — — — — — 611

Меѓународни договори — — — — — — 305


**Издавач: Новинска установа Службен лист на СФРЈ, Белград, Јована Ристића 1 Пошт фах 226 — Директор и главен и одговорен уредник Душан Матовић, Улица Јована Ристића бр. 1 — Печати Београдски издавачко-графички завод, Белград, Булевар војводе Мишића бр. 17**